

**Интервју на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски дадено за порталот „Фокус“.**

**Зад Бугарското вето стојат други интереси - Ако некој ја сакаше Македонија внатре тоа ќе го направеше без услови**

**ФОКУС: Најавивте дека ќе го напуштите Собранието доколку власта се обиде да го протурка Законот за амнестија со европско знаменце, што е спротивно на вашата досегашна позиција дека ваков чекор би бил контрапродуктивен, бидејќи ќе и остави бришан простор на власта да носи штетни закони и така да спроведува штетни политики. Зошто сега отстапувате од оваа позиција?**

**МИЦКОСКИ:** Таа наша позиција е се уште актуелна, но ако продолжи злоупотребата од страна на власта практично станува беспредметна. И ако тие одлучуваат на секој закон што им е претходно договорен да стават европско знаме, што значи дека максимален период за дебата и собраниска процедура е 3 работни дена, без оглед колку амандмани се поднесени, тогаш не ја гледам суштината зошто ВМРО-ДПМНЕ да учествува во парламентот, кога за секој закон којшто е пазарен тие ќе се договорат, ќе закачат европско знаме, тоа кај меѓународната заедница ќе помине со еден укор и така досега тоа функционира.

**ФОКУС: Од Министерство за правда ви вратија дека дека пукате во празно, бидејќи однапред сте знаеле дека овој закон нема да оди со европско знаме.**

**МИЦКОСКИ:** Не е точно дека сме биле информирани, немаме никаква официјална комуникација одамна со ниедна владина институција, вклучително и Мин. за правда, и тоа е резултат на заклучок на седница одржана на Извршниот комитет на партијата.

Можеби во занес министерот ( **КренарЛога**) мисли дека ако ги информира осудените лица предмет на овој закон, па им ветува таму...

**ФОКУС: Што ветува и кому ветува?**

**МИЦКОСКИ:** До нас стигаат такви информации, тоа треба и вие како новинари да го проверите, дека е во континуирана комуникација со нарко-кланови во затвор, па им ветува дека со законот ќе им се скрати затворската казна, па мисли дека го информирал и ВМРО-ДПМНЕ. Се изгубил во простор, но тоа е негов проблем.

Во Македонија подолго време постои полициско-криминална и криминална коалиција која има цел да функционира на сметка на интересите на граѓаните и државата, а за сметка на сопствените интереси.

**ФОКУС: Дали Вие сте генерално против амнестија на осудени лица или имате проблем со содржината на законот, со категориите што се опфатени?**

**МИЦКОСКИ:** Нашиот став е принципиелен - овој закон нема да го поддржиме од причини што се однесува на лица осудени за кривични дела како насилство, перење пари, дилање дрога итн. Тоа се големи кривични престапи, а уште повеќе што осудени лица како оние двајца помагачи за грозоморниот злостор кај Смилковски езеро познат како „Монструм“ имаат можност да бидат амнестирани.

**ФОКУС: Дали сте размислувале да иницирате амнестија за осудените за „27 април“ и дали тоа може да биде услов да го поддржите овој закон?**

**МИЦКОСКИ:** Јас повеќе од 5 години имам директна комуникација или преку нивните семејства и адвокатите на лицата што се дел од предметот за „27 април“ и ниту еден од нив не бара милост или амнестија, туку бараат правда која за жал досега не ја добиваат поради октроираното обвинителство и судство.

Не треба да ве потсетам дека судијата што ги изрече тие драконски казни денеска има улога како претседател на Уставен суд, а неодамна ја видовме како пледира да биде и политички активна, па артикулира и политички позиции за теми надвор од нејзиниот опис и попис на работа.

**ФОКУС: Зошто не го напуштивте собранието, кога се европско знаме се протуркаа измените на Кривичниот законик?**

**МИЦКОСКИ** Тоа беше исклучок и сега гледаме дека тој исклучок се трудат да стане правило. Ако стане правило, која е логиката да седиме во парламент и да правиме естрада, кога тоа што е пазар на власта со европско знаме ќе си помине во процедура за 3 работни дена. Ако остане само на исклучок, во ред – во име на демократијата, стабилноста на државата, подготвени сме да дигестираме исклучок. Но правило- не!

**ФОКУС: Сте учествувале или не сте учествувале во преговори во кои всушност сте ги барале измените на КЗ кои периодов беа донесени, во делот на намалување на казните за злоупотреба на службена положба и злосторничко здружување?**

**МИЦКОСКИ:** Немало преговори. Тоа е обид и игра на власта сега да растури пердуви – нивното „да“ наспроти нашето „не“. И сега ние треба да се тегнеме за коса кој ќе биде погласен. Тоа е обид да се поларизира јавното мислење. Со сиот свој кредибилитет тврдам дека такви преговори немало. Во едно интервју **Али Ахмети** кажа со кого разговарал и кога разговарал.

**ФОКУС: Дали вие сте знаеле дека Ахмети, како што рече самиот, имал бројни тајни средби со Груевски и Заев за овие законски измени?**

**МИЦКОСКИ:** Не, не сум имал такви информации!

**ФОКУС: Го делите ли и Вие мислењето дека досегашните законски одредби се југословенска оставштина што треба да се европеизира, во смисла да се омекнат досега ригорозните санкции?**

**МИЦКОСКИ:** Јас не сум правен експерт, но знам дека овој закон (КЗ) и Законот за кривична постапка играат клучна улога за политичката тортура и притисок кој изминативе 5 и пол години се вршат врз ВМРО-ДПМНЕ како политичка партија и врз лица кои биле и се дел од структурите на ВМРО-ДПМНЕ. Ќе ве потсетам дека ВМРО-ДПМНЕ до ден денес има замрзнат имот и неколкупати имаше блокирана сметка.

И покрај тие предизвици, ВМРО-ДПМНЕ е најголемата политичка партија во Македонија, по двојната победа на локалните избори има повеќе од 2 пати рејтинг од СДСМ, што значи дека и покрај непринципиелниот политички акт на владата на ДУИ и СДСМ врз ВМРО-ДПМНЕ, принципиелните политики и однесување на ВМРО-ДПМНЕ носат резултати.

Се разбира, тоа не е доволно. Очекувам уште една историска победа на следните парламентарни избори и на тој начин, меѓу другото, да биде спроведена и реформата со која ќе се ослободат октроираното обвинителство и судство и ќе завладее правдина за секој граѓанин.

**ФОКУС: Првично рековте дека овие измени власта си ги прави за себе, но подоцна обвинивте дека тоа е дел од еден пакет, од една, како што велите, криминална операција за промена на Уставот, во што вклучен бил и Груевски, чија правна ситуација треба да се олесни.**

**МИЦКОСКИ:** Тоа што имав да кажам за овој случај кажав јасно и гласно и ја затворив таа тема и немам намера да правам естрада на политичката сцена. Стојам позади секоја изјава своја и на луѓето што се дел од раководството на ВМРО-ДПМНЕ.

**ФОКУС: Ваши блиски соработници изјавија дека такви информации сте имале од февруари, па зошто чекавте досега да ги обелодените? Дали клучната работа што ја прели чашата пресретнатото УСБ?**

**МИЦКОСКИ:** Луѓето што ме познаваат знаат дека не сум човек што лесно гази на трула штица. Многу тешко можеби носам клучни одлуки, туку ги носам кога работата е

поткрепена со многу факти. Тоа е еден од многуте.

**ФОКУС: Меѓу  другото, на Груевски му порачавте дека ова не е  2018 година. Дали имплицитно сакате да кажете дека тогаш учествувал во процесот за уставни измени, бидејќи за тоа го исклучивме неговиот братучед Мијалков?**

**МИЦКОСКИ:** Тоа што сакав да кажам – кажав. Но еве ми ја освеживте меморијата за процес во кој помал дел на поранешни функционери на ВМРО-ДПМНЕ биле вклучени во обезбедување на мнозинство. Можеби вие како новинари може да истражите дали тој дел од поранешното раководство на ВМРО-ДПМНЕ, паралелно со процес на уставни измени, барало измени на Кривичниот законик и можеби на тоа реферираат овие од ДУИ. Но оставам вие да истражите, дали тоа требало да биде еден пакет.

**ФОКУС: Постои ли навистина транскрипт од средба кај Пендаровски каде се разговарало за амнестија на Груевски, како што рече и самиот Груевски? Поседувате ли ваков документ?**

**МИЦКОСКИ:** За тоа треба да ги прашате Груевски и Пендаровски, од мене никогаш не сте слушнале за такво нешто.

**ФОКУС: Кој барал негова амнестија – власта или опозицијата? Вие велите власта, Пендаровски рече опозициски структури. Кому да веруваме?**

**МИЦКОСКИ:** Од него ќе мора да добиете одговор и на ова прашање.

**ФОКУС: Добро, дали оваа комуникација меѓу власта и Груевски се уште постои и дали се уште е жив планот за уставни измени со негова помош?**

**МИЦКОСКИ:** Нема да навлегувам во, би рекол, црни игри на политичката сцена. Немам намера да бидам дел од ваква естрада. Мој интерес е во периодот што следи да бидеме

поблиску до граѓаните, подобро да ја организираме кампањата за претседателските и парламентарните избори, да победи нашиот кандидат за претседател и да ја формираме идната влада. Тоа е единствената задача што ја имам пред себе.

**ФОКУС: Порано предупредувавте дека власта сака да го укине ВМРО-ДПМНЕ. Тоа не се случи, но колку сега е можна поделба на партијата?**

**МИЦКОСКИ:** ВМРО-ДПМНЕ никогаш не било пообединето и покохезивно. Тоа може да се види секаде низ Македонија. Дали има некои поединци што можеби се незадоволни од нивниот статус и чувствуваат дека можат повеќе, секаде тоа го има. И во семејството дома немаме иста позиција за иста работа.

**ФОКУС: Во последно време често повикувате на обединување, но како го замислувате тоа? На кои основи треба да биде?**

**МИЦКОСКИ:** ВМРО-ДПМНЕ се обединува околу една цел, таа цел е да се победи оваа влада на СДСМ и ДУИ, зашто цел над сите цели е Македонија. И цениме дека оваа победа за ВМРО-ДПМНЕ значи можност да се бориме за Македонија. Откако тоа ќе се случи, цениме дека со мотивираноста, посветеноста и програма ќе направиме многу повеќе за државата отколку сега како опозиција.

За жал, ги немаме институциите, а овие институции злоупотребат многу закони за да нанесат штета на ВМРО-ДПМНЕ, вклучително на она што споменавте – обидот ВМРО-ДПМНЕ да биде прогласена за терористичка организација и да биде избришана од регистарот на политички партии.

**ФОКУС: Градоначалникот на Карпош Јакимовски го повика Груевски да ви покаже на избори кој е кој, па очекувате ли да застане зад една коалиција на Јакимовски, Арсовска? Правите ли такви проценки и анализи?**

**МИЦКОСКИ:** Очекувам секој еден граѓанин да застане на страната на правдата, прогресот и на Македонија, т.е. да застане заедно со ВМРО-ДПМНЕ. Секој што е

антипод на ова што го зборувам, тогаш сигурно ќе биде добар спаринг-партнер на овие коишто се се, само не ова што го зборувам јас.

**ФОКУС: На што ги темелите очекувањата дека на претседателски избори ќе имате над 100 илјади гласа повеќе, а на парламентарни 10 пратеници повеќе, и тоа не од СДСМ, туку од сојуз на СДСМ плус ДУИ?**

**МИЦКОСКИ:** Тоа се темели на детални анализи и анкети што ги прави партијата. Јас сум убеден во тоа и тоа ќе се случи. Без разлика дали изборите ќе бидат заедно или одвоени, да бидам искрен – повеќе би сакал заедно, зашто така ќе имаме извесност дека ќе биде избран претседател и ќе ги намалиме трошоците...

**ФОКУС: Но, ако не бидат дали се уште стои отворена опцијата за бојкот, што ја најавивте своевремено?**

**МИЦКОСКИ:** Повеќе мислам дека ќе има бојкот од власта по разочарувањето во првиот круг, отколку од опозицијата. Без разлика, ценам дека многу тешко ќе биде дофатлив цензусот од 720 до 750 илјади гласачи да излезат на изборите ако изборите не бидат споени.

И втората причина е што Македонија во овој момент не смее да си дозволи 2 скапи изборни циклуси да бидат одвоени, зашто влегуваме во еден вртлог на неизвесност и политичка криза, зашто можно е да немаме поклопување како уставна категорија на парламентарни и претседателски, што не е добро ниту за бизнисот ниту за граѓаните, а ќе има голем притисок во општеството. И затоа ценам напролет, март-април, да се организира заеднички изборен циклус.

**ФОКУС: Направени ли се сите потребни подготовки за избори?**

**МИЦКОСКИ:** За жал, морам да признаам, ние сме на помалку од 6 месеци од избори, но ова што денес се случува никогаш не се случувало. Ниту имаме дијалог со владата, ниту се разговара за датум, ниту за завршна верзија на Изборниот законик, а многу се јасни

препораките на ОДИХР дека 6 месеци пред изборите треба да биде затворен ИЗ. Ниту, пак, се упатува покана за набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР.

**ФОКУС: Предмалку рековме дека ги имате прекинато сите комуникации со владата со партиска одлука, па дали сте спремен да седнете на маса со Ковачевски за оваа тема?**

**МИЦКОСКИ:** Ја користам и оваа прилика да ги повикам на одговорност зашто не се само влада за едно прашање. Тоа прашање помина, ќе се затвори наскоро, не им успеа мисијата за промена на Уставот. Ние имаме и други важни прашања за кои мораме да разговараме, не може од страна да ги гледаме процесите, мора да покажеме одговорност.

**Димитар Ковачевски** како премиер мора да свика состанок со лидерот на опозицијата, подготвен сум во било кое време да разговараме за дата за претседателски избори, за парламентарни избори, што ќе се случи со Изборниот законик. Знаете, има „помали“ политички партии кои бараат една изборна единица.

**ФОКУС: Како се случи до тој степен да ескалираат односите меѓу Вас и ДУИ? Дали вашите напади се засилија после интензивирањето на комуникацијата Ахмети-Груевски?**

**МИЦКОСКИ:** Политичкото подземје лиферува многу теории на заговори и така се обидува да ја замагли вистинската слика, а таа е дека ова ВМРО-ДПМНЕ ќе се бори против секој обид за криминал и корупција. До нас стигнаа многу информации за многу сомнежи за сторен криминал на ДУИ и функционери на ДУИ и ние сме должни тоа да го објавиме и да се бориме против тоа.

И еден ден, кога ќе ги водиме институциите, тие ќе го истражат сето ова, кое, верувајте, во голема мера е поткрпено со докази, и врз основа на тие докази тие лица кои тоа го направиле да бидат изведени пред правдата. И оние теории на заговори...

**ФОКУС: Дали се само теории или пак се работи за кредибилни информации? Мислам дека никој нема дилема дека Ахмети и Груевски ја интензивирале комуникацијата, во време кога вие ги интензивиравте нападите кон ДУИ.**

**МИЦКОСКИ:** Двете прашања не треба едно со друго да се поврзуваат, тоа се паралелни процеси. Нашите информации за таков тип на комуникација се многу одамна.

**ФОКУС: Дали сега работата е отидена предалеку и може да се најдете во проблем ако морате да правите влада со ДУИ, ако само со нив може да стигнете до мнозинство, како што СДСМ се најде после последните избори?**

**МИЦКОСКИ:** Граѓаните одлучуваат каква ќе биде идната влада, но нашата желба е ДУИ после 20 години да помине 4 години во опозиција, за да може да се реформира, реструктуира, да се освежи кадровски, за да може после 4 години да настапи на избори.

**ФОКУС: Верувате ли дека албанската опозиција има капацитет да го порази ДУИ?**

**МИЦКОСКИ:** Цениме дека обединета опозиција кај албанските политички партии има голем капацитет да ја победи ДУИ. Дали тоа ќе се случи не знам. Но за жал, после оваа изјава тие ќе бидат предмет на кампања од ДУИ дека ВМРО-ДПМНЕ застанува до нив, зборува позитивно за нив, а не за ДУИ, и тоа може да биде прогласено за антиалбаски гест. Но, ова е антикриминален гест, ништо повеќе.

**ФОКУС: Од ДУИ се бранат дека зад нападите кон нив всушност се крие омраза и нетрпеливост кон Албанците. Точно ли е тоа?**

**МИЦКОСКИ:** Нашето политичко однесување е антикриминалците, без разлика од која партија доаѓаат. Не дека немаме основано сомневање за сторен криминал на ДУИ во изминативе 20 години, но овие 2 години се реалноста во која живееме и таа е огромен генератор на институционален криминал, каде пред се и над се се луѓе од структурите и највисокото раководство на ДУИ. Тоа не значи дека СДСМ го оставаме на страна, но

тие се во подредена ситуација, тие му асистираат во криминалот на ДУИ, како измеќари, како лакеи на криминалот на ДУИ се и чекаат трошки.

**ФОКУС: Зошто велите бугарски, а не европски диктат, бидејќи преговарачката рамка беше прифатена од сите земји членки на ЕУ?**

**МИЦКОСКИ:** Зошто оваа теза е погрешна? И Пендаровски и **Бујар Османи** кажаа дека предлогот е македонски. Сега каква е таа храброст на политички маргиналци – едниот доаѓа од партија со 15 пратеници, а другиот има рејтинг под 2 проценти, да излегуваат со позиција која ја брендираат како македонски предлог, а не ја консултираат најголемата политичка партија – ВМРО-ДПМНЕ. За вие да влезете во политички процес прво треба да имате политички консензус, а не да преземете обврски без консензус.

Јасна беше волјата на граѓаните после локалните избори есента 2021 и убедливата победа на ВМРО-ДПМНЕ, јасна беше волјата на мнозинството пратеници. Сега ние гимнастики со оној пратеник кој си го бараше срцето на едно место а паметот на друго место, тоа е веќе во делот на политичкото подземје.

**ФОКУС: Власта нели вели дека се обидувала да ве вклучи во процесот, но сте одбиле.**

**МИЦКОСКИ:** Ние се понудивме да бидеме дел од тој процес, бевме одбиени. Имајќи го сето ова како влез во процесот, како излез да генерирате ваков предлог без консензус за мене е најглупавиот политички потег, којштo трајно ги начна преговарачките позиции на Македонија со Бугарија. Во еден говор кажав дека да би бил **Тодор Живков** жив „најблагонадежни Блгари“ би биле нашиве асови – Ковачевски, Пендаровски, Османи.

**ФОКУС: Гледам дека во дебатата импутирате и историски факти, дека Македонците во Бугарија имале културна автономија и признат македонски јазик уште во социјализмот. Колку тоа помага денес, во ситуација кога Бугарија е во клубот и преку ветото може да го условува пристапниот процес?**

**МИЦКОСКИ:** Од ВМРО-ДПМНЕ се бара да поддржи процес од кој не бил дел, бидејќи да сме биле дел ќе сме се бореле. Ако не сме биле во можност да се избориме, ќе сме кажеле - ние ова не го поддржуваме и тогаш ќе се знаело. Па тие ќе тргнеле во процес или нема да тргнат и ќе бараа нов предлог. Но, одлучија да не исфрлат од процесот и сега ни викаат ова е на маса.

Што се бара од нас? Да го промениме Уставот и да го ставиме дел од бугарскиот народ како конститутивен елемент. Прашањето е зошто? За некој да се чувствува покомотен, како уставна категорија, значи дека неговите права како неуставна категорија се начнати, дека предмет е на асимилација, негација.

**ФОКУС: Меѓутоа, факт е дека Бугарија значително ретерираше од рамковната позиција што ја заведе нивниот парламент, која беше исклучително негаторска.**

**МИЦКОСКИ:** Ајде сега да ги видиме фактите. Имаме македонска заедница во Бугарија којашто на своја страна има 14 пресуди од Судот на човекови права во Стразбур, каде јасно и недвосмислено се кажува што треба Бугарија да преземе. Од друга страна, имаме бугарска заедница во Македонија со нула пресуди. Сега чии права се начнати? Тоа се правата на македонската заедница во Бугарија за културно организирање. Имате европска институција која носи обврзувачка одлука за земја членка на ЕУ која не сака да ја имплементира.

**ФОКУС: Кога ова го предочувате пред претставници на меѓународната заедница, каков одговор добивате?**

**МИЦКОСКИ:** Кога разговараме со претставници на меѓународната заедница им велиме во ред, немаме против Бугарите и Бугарија, но да видиме добра волја од другата страна. Како ние вам да ви веруваме дека за година две нема да видиме ново вето кога вие не сте во можност да ја убедите Бугарија тоа што задолжително треба да го примени да го примени.

За да ја разбиеме тезата дека ова не е ново право за македонската заедница, туку е

стекнато право, и да ја разбиеме тезата кои се вистинските руски интереси на Балканот, се враќаме назад низ историјата, па почнуваме со Санстефанскиот договор, па Бледскиот договор, еднostраното напуштање на Бугарија на Бледскиот договор по налог на **Сталин**, и даваме еден осврт на правата на македонската заедница во тоа време во Пиринска Македонија. Не можете во политиката да ги гледате работите парцијално, мора да имате поширок опфат во нештата.

**ФОКУС: Со каков план ќе настапите на изборите за надминување на оваа ситуација, која и самите велите дека е реалност што нема да ја игнорирате?. Дали вашето „патриотско решение“, горе-долу, ќе се базира на позициите изнесени на лидерската средба со Ковачевски?**

**МИЦКОСКИ:** Македонскиот народ повеќе од 3 децении се покажаа како големи космополити и не се анахрони луѓе. Кога би се станувало член на ЕУ по измени на Устав, досега шампиони ќе бевме, одамна ќе бевме член на ЕУ. Тоа што ЕУ не е фер кон нас, па за првпат вклучува билатерални договори, и тоа е така. Ние сме малуброен народ, мала држава и не може да се спротивставиме на гигантот ЕУ ако така одлучиле и нам тоа ни е јасно, ние водиме реална политика.

Но, бараме нешто со кое достоинството и гордоста на Македонецот колку-толку ќе бидат барем малку задоволени. Не бараме ништо ново, немаме иперијалистички барања, туку барања кои само ќе биде потврда на нешто што сме го имале. Од друга страна, да имаме предвидлив процес, во кој нема да се соочиме повторно со други дополнителни блокади.

**ФОКУС: Како очекувате процесот да се развива во иднина?**

**МИЦКОСКИ:** Денес ако направиме пресек можни се 2 работи. Едната работа е одложено дејство на аплицирање на уставни измени. А второто е да имаме промена на методологијата.

Видовме во минатото, пред 2-3 години, кога не блокираше Франција, не нас туку генерално пристапниот процес, кога бараше измена на преговарачката методологија. Значи видовме дека е возможно кога сакаат земјите да имаа промена на методологија.

И сега се погласни се гласините од Брисел дека оваа работна група меѓу Франција и Германија работи на промена на таа методологија, за да нема користење на вето до моментот на ратификација на пристапниот протокол. Тоа му дава една предвидливост на процесот на преговори.

**ФОКУС: Но, и таа промена треба да биде прифатена од сите членки на ЕУ, а малите земји не сакаат да се откажа од инструментот на вето.**

**МИЦКОСКИ:** Да, тоа веќе не е наш проблем, туку на ЕУ. ВМРО-ДПМНЕ овие услови кои сега се на маса не ги прифаќа. Тие си викаат имаме таму соработници, но тие кои ова го прифатија се незначајни политички маргиналци.

**ФОКУС: Што мислите за аргументот што го користи власта, но и дел од меѓународната заедница, дека мора да ја искористиме геополитичката ситуација поради војната во Украина?**

**МИЦКОСКИ:** ВМРО-ДПМНЕ нема дилема дека ЕУ е опција за Македонија и дека нема замена. Но бедна и бледа е тезата на власта дека поради некои геостратешки причини итн. Видете што се случува. Државите кои потенцијално ќе отпочнат преговори, генерално не ја владеат цела територија на својата држава. Поради руската агресија за Украина знаеме, ист случај е со Грузија (Осетија и Абхазија), истиот е случај и со Молдавија (Приднестровје). А ние не може да почнеме преговори иако овој пат го почнавме пред 23 години, а пред 18 станавме кандидати, зашто 762 кои велат дека мајчин јазик им е бугарскиот нема да станат конститутивен елемент?!

Ако тоа мисли Европа дека е правилен пристап, тоа е тоа, тоа е нивен избор, не е мој. Дали тоа има врска со вредностите на **Аденауер, Шуман** и **Де Гаспер**?Јас не мислам, но тоа е нивна политичка одлука, исто како што требаше да биде политичка одлука да не се условува дополнително Македонија после онаа насилна промена на уставот и уставното име, откако претходно променивме знаме, банкноти, помина територијална реорганизација итн. Очигледно дека животот не е фер и нема жалење.

**ФОКУС Значи, можам да заклучам дека вашиот пристап е да не се прават отстапки по секоја цена, да се чекаат подобри времиња, спротивно на она што го вели власта дека нема време за чекање?**

**МИЦКОСКИ:** Да кажеме гласно „не“ на овие концентрични кругови. Договор за стабилизација и асоцијација потпишавме во 2000 година, со Хрватска станавме кандидати во 2005 и ние не можеме да бидеме во ист круг со држави како овие што ги споменав или со Албанија, Косово БиХ.

Ќе ве вратам во минатото. И Кипар беше поделен територијално, но Грција рече дека ќе стави вето за проширувањето на државите од Балтикот, Централна Европа, ако и Кипар не биде во таа група. И се најде политичка волја, се обезбеди компромис и Кипар таков поделен, разделен, милитаризиран, стана членка на ЕУ. Така што, ако некој навистина сака да ја види Македонија таму каде одамна и е местото тоа ќе го направи, без никакви условувања.

**ФОКУС: Сакате да кажете дека зад формалното бугарско вето се кријат и други центри?**

**МИЦКОСКИ:** Па да, има и некои други интереси. Од нас ништо не зависи, посебно после потпишувањето на оној понижувачки и капитулантски договор наречен „француски предлог“. Договорот за добрососедство е семето, а ова е коренот на проблемот.

**ФОКУС: Во јавните настапи често сугерирате дека се говори за естрада, а не за суштината, односно за областите каде потребни се промени. Па, кои области ги оценувате како најфрагилни и токму нив ќе ги таргетирате и со изборната програма?**

**МИЦКОСКИ:** На сите анкети топ-тема за сите граѓани е економијата и сите поттеми – слаб стандард, ниски плати и пензии, инфлација... Сето тоа конвергира кон економијата, повеќе од 30 отсто од граѓаните велат - тоа е тоа. За да имаме ние стабилна економија мора да имаме пред се систем кој ќе обезбедува правна сигурност за секој. Значи, ќе треба да се посветиме тука, ова октроирано судство да го реформираме и имаме план.

**ФОКУС: Каков план?**

**МИЦКОСКИ:** Многу скоро со детални потези ќе излеземе, но генерално треба тоа што е закон да го примениме. Еве континуирано зборуваме за корупција, па реформа во овој закон, реформа во овој закон. Не, многу едноставно е. Две бази на податоци само треба да споиме – Управата за јавни приходи и Катастарот на недвижности. И да видиме дали соодветствуваат.

Пример, личност А кој заработил 100 парички, а поседува имот од 1.000 парички, па како стигнал? Дали го стекнал како наследство од богат вујко? Не треба многу, ветинг и не знам што. Ова само треба и да им се дадат одврзани раце на чесни обвинители да обвинуваат, а овие да судат. Еве отсега можам да им кажам дека, иако имало многу обиди за средби со мене, ниту имам намера ниту познавам некого на кого ќе му извршам влијание.

Ова е тоа, треба да се обезбеди правна сигурност, по што ќе дојдат инвестициите. Е сега, на инвестициите им треба работоспособно население, значи треба да се занимаваме со здравството, со образовниот процес.

**ФОКУС: Дали сметате дека образованието продуцира соодветни кадри за пазарот на труд?**

**МИЦКОСКИ:** Образованието продуцира кадри, немам мислење дека се доволни за пазарот на труд, тука треба сериозна анализа и реформа и таков тип на кадри да се продуцираат. Се сеќавам пред 5 6 години имаше јавна дебата околу дуално образование, дали некој уште зборува за тоа? Нашиот образовен систем за жал мака мачи да обезбеди учебници. Некаде нема ни просторни услови.

**ФОКУС: Дали е потребен нов клинички центар или јавното здравство има други приоритети?**

**МИЦКОСКИ:** Поради немањето стратегија во овие 6 години во здравството се доведовме во ситуација готов проект за нов клинички да се растури и денес да сме пред арбитража со големи суми на пенали на фирмата чиј договор беше раскинат од страна на владата. Потоа ќе правеа во Визбегово, па не во Визбегово туку накај Сарај. Тоа е без концепт, колку да се каже и да се вергла без проекти.

Ние имаме 2 предизвици. Прво, дали ќе инвестираме во тули или медицински кадар. Ако инвестираме во тули, потребен ни е репрезентативен нов клинички кој идната влада треба да го изгради. Или втората работа е да се искористат моменталните капацитети, но да се адаптираат, да се донесе нова опрема, да се вложи во медицинскиот кадар и да се обезбеди солиден здравствен систем.

Се ова да направиме и ако повторно имаме луѓе од здравствениот систем што заработуваат на смртта на пациентите, како во случајот Онкологија, попусто.

**ФОКУС: Колку време потребно да се испорачаат резултати во овие области? Една декада ли, како што рековте во една прилика? Дали тоа значи дека се спремате за долго владеење?**

**МИЦКОСКИ:** Стојам зад тоа. Ако се посветиме на план од најмалку една деценија, позади кој би требало да се обезбеди политички консензус, без разлика дали после еден мандат влада на ВМРО-ДПМНЕ ќе дојде друга влада. Инаку, се спремаме за храбро, посветено владеење, а колку ќе трае ќе кажат граѓаните на избори.

**ФОКУС: Стоите ли уште на тоа дека ќе се повлечете од политика макар и еден пратеник на ВМРО-ДПМНЕ да гласа за уставни измени?**

**МИЦКОСКИ:** Сега единствена опција на маса е ВМРО-ДПМЕ да победи на следните избори, да ги засукаме ракавите и да го надоместиме загубеното овие 5-6 години. Сега за 5-6 месеци да отвориме тема дали еден, двајца тројца... Прво, тоа е невозможно, никој нема тоа да го направи, ние треба да се фокусираме на иднината, а тоа е ВМРО-ДПМНЕ во влада, многу проекти и добрата вест е што подобри времиња доаѓаат за Македонија.

**ФОКУС: Дали сте дел од хибриден фронт против ДУИ?**

**МИЦКОСКИ:** Тоа е слаб смисол за хумор и сатира од некој од раководството на ДУИ, обид криминалот да го претставаат како етничко и политичко прашање.

**ФОКУС: Колку средби сте имале со Заев и дали сте договарале предвремени избори?**

**МИЦКОСКИ:** Не, не, не е точно.

**ФОКУС: Дали водите политика за србизација, како што ве напаѓа Георгиевски?**

**МИЦКОСКИ:** Не би го коментирал Георгиевски, посебно не на тема поврзана со ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи својата иднина ја гради во прегратките на Ахмети и СДСМ и нормално да ги застапува интересите и да ги рефлектира позициите на своите стопани.

Инаку, ВМРО-ДПМНЕ ниту на бугаризација, ниту на гркизација, ниту на србизација води политика, едноставно ВМРО-ДПМНЕ е македонска партија и оној дел Демократска партија за македонско национално единство говори многу. Жалам што на одредени политичари во својата политичка кариера им беше тешко да се Македонци, но ова раководство на чело со мене се Македонци и се борат за интересите за македонскиот народ и македонизација на Македонија.

**ФОКУС: Што мислите – дали требаше порано и поексплицитно да се оградите од поранешното раководство на ВМРО-ДПМНЕ кое ја водеше државата 10 години, кога назадуваше демократскиот процес?**

**МИЦКОСКИ:** ВМРО-ДПМНЕ пред мене имала двајца претседатели. Секој од нив си

одбрал своја патека. Во одреден момент, кога нивното дејствување влијае врз политиките на ВМРО-ДПМНЕ и е во спротивност, тогаш јас како претседател сум должен тоа да го изнесам и да предупредам на последиците и да се спротивставам.

Кога било кој од нив ќе дојде дома кај мене на гости, тие дошле во приватна посета на Мицкоски. Кога дошле кај мене на факултет, ако дојдат некогаш, може да отвориме тема за образованието, енергетиката, таму сум професорот. Но овде јас ги штитам пред се интересите на Македонија, а потоа и на сите граѓани и нормално интересите на стотици илјади семејства кои очекуваат ВМРО-ДПМЕ да победи на следните избори и да направи од Македонија подобро место за живеење. Секој кој ќе застане па патот со спротивни интереси од овие, моја обврска е да се спротивставам и да го совладам.